*Штип. 20/02/2025*

**ЈАВЕН ПОВИК**

**ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА**

**за**

# Националната конференција за родова еднаквост и дискриминација на работното место

## Накратко за Гласен текстилец:

**Гласен Текстилец** е непрофитно и непартиско здружение основано во 2017, од страна на текстилни работнички и активисти за човекови права. Од тогаш работи на афирмирање и препознавање на проблемите на работниците и кршењето на човековите и работничките права, како и на подигање на свеста на работниците/чките преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности, како што се застапување и лобирање, истражувања, учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците/чките од приватниот сектор, со акцент на текстилната, кожарската и чевларската индустрија.

Преку програмите и проектите коишто ги имплементира Гласен Текстилец, директно се залага за унапредување на човековите, работничките права, пристапот до правда на маргинализираните, заштита од родово-базирана дискриминација, промоција на родовата еднаквост, еднаква плата за иста работа. Фокус на здружението се женските права, со оглед на тоа дека 90% од вработените во текстилната индустрија се жени.

## За настанот:

Здружението **Гласен Текстилец** ја организира **Националната конференција за родова еднаквост и дискриминација на работното место**, која ќе се одржи на **7 март 2025** година **(петок**) со почеток во **16:00 часот во Хотел Оаза – Штип**. На конференцијата ќе бидат разгледувани важни теми поврзани со родова еднаквост, дискриминацијата и предизвиците на работното место. Со цел да поттикнеме соработка и конструктивен дијалог, ќе се организираат излагања и дискусии со експерти, работодавачи, Национални институции и граѓански организации, кои ќе дадат конкретни препораки за создавање на безбедни и инклузивни работни средини за жените.

*Штип. 20/02/2025*

## ЈАВЕН ПОВИК

**НАРАЧАТЕЛ:** Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ од Штип, со седиште на ул.Сутјеска бр.59 во Штип.

**ЦЕЛ НА ПОВИКОТ:**

- **Изнајмување на техничка/аудио опрема за Национална конференција (погледни ја програмата);**

**ВРЕМЕНСКА РАМКА:**

Рок за доставување на понудите **28.02.2025** година**;**

Рок за избор на најповолен понудувач и известување **03.03.2025** година;

**Реализација:** 7 март 2025 со почеток во 16:00 часот, хотел Оаза Штип.

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Понудите се доставуваат во електронска форма или на ул.Сутјеска бр. 59, 2000 Штип.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, нема да бидат земени предвид.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ:**

Благојче Дишоски: 075316108, секој работен ден во периодот од 09 до 16 часот.